Здружение за интердисциплинарни истражувања и практики во современата уметност СТУДИО ПРИВАТЕН ПРИНТ Скопје
- PrivatePrint studio -

МК

16.04.2025 г.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024 ГОДИНА

PrivatePrint studio официјално е основано во 2018. Неофицијално функционира како уметничко студио од 2015, преку активностите на првиот независен издавач на уметнички книги во Северна Македонија. Главните цели на студиото се основаат на интердисциплинарни истражувања и практика во современата уметност и култура со особен акцент на уметничката книга, графичкиот дизајн и други медиуми на современата уметност видени во поширок социо-културен контекст. Работата на студиото се развива од специфичните потреби на нашиот локален културен систем во смисла на отворање на простор, платформа за подобра видливост и поврзаност на институционално помалку видливите уметници и уметнички практики во локалниот контекст, како и размена на идеи на меѓународно поле.

**Цели на PrivatePrint studio**

» Научно-истражувачка цел во врска со поддршка, промоција и имплементација на интердисциплинарни истражувања и практики во современата уметност и култура.
» Афирмирање, проучување и продукција на уметнички книги како современо уметничка практика, во поширок културно-општествен контекст.
» Развој на уметничкото образование во поширок општествен контекст во врска со новите и прогресивни уметнички практики.
» Афирмирање на партиципативен, инклузивен и критички пристап во културно-општествени рамки, со цел развој на активно граѓанство.
» Создавање, промовирање, архивирање, документирање на прогресивни и иновативни уметнички практики и уметничко-културна продукција, како и на помалку застапени современи уметнички практики и теми.
» Подигање на свеста за новите медиуми и форми на израз во современата уметност, на македонската културно-општествена сцена и интернационално.
» Поттикнување на соработка во рамки на независниот културен сектор и меѓу самостојните уметници на домашен и на меѓународен план, како и соработка со државните културни институции на локално и централно ниво.

Активностите на PrivatePrint studio во 2024 г. беа поддржани од:

C Fonds

Prince Claus Fund *for* Culture and Development

GOETHE INSTITUT

Erasmus+
Enriching lives, opening minds.
European Union

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

**АКТИВНОСТИ ВО 2024 Г.**

## I. **ARTechYOUTH**, Erasmus+ Programme, European Union (2024-2025)

ARTechYOUTH Имерзивна уметничка размена - Унапредување на младинските вештини на пресекот меѓу уметноста и технологијата е Еразмус+ проект на младинска размена, поддржан од Европската Унија и создаден од Студио Приватен принт од Скопје, Северна Македонија и Иновато од Љубљана, Словенија. ARTechYOUTH примарно цели да создаде богата и повеќеслојна средина за учење и соработка создадена да ги зајакне младите уметници и креативци со дигитални и креативни вештини за преку соработка да создаваат нов уметнички израз на пресекот на уметноста и технологијата. Преку соработнички и интеркултурни можности за учење, имерзивни уметнички искуства и интеграција со иновативната технологија, овој проект цели да овозможи креативност, дигитална писменост, кросдисциплинарна стручност и младинско учество во културата и општеството, со крајна цел да ги подготви младите за нивно успешно учество во современиот креативен пејзаж и придонес кон културниот и технолошкиот општествен напредок.




Во 2024:
Подготвителна посета и средба на партнерите,
3-5 декември 2024, Љубљана.

## II. **Издаваштвото како соработничка практика**, May Classes, Prishtina, Kosovo (2024)

Издаваштвото како соработничка практика
Работилница на Илија Прокопиев и Марија Христова во рамки на програмата May Classes, организирана од Галерија 17, Приштина, Косово, 13-17 мај 2024.
**Учесници:** Аранит Красниќи, Анила Кабаши, Артрит Битичи, Исмаил Мирсели, Диона Кусари

Во период од 4 дена, заедно со пет извонредни млади професионалци, направивме прототип на книга околу идејата за создавање на културни институции, нешто што носи огромен ентузијазам, но кон него се развива и амбивалентен однос.






## III. Уметнички и кураторски престои 2024

*(Re)Collecting Architecture*
Резидент: Кристин Венцел
Период: 14.03-08.04.2024

30.03.2024: Работилница и колективна прошетка
04.04.2024: Изложба
Поддржано од Гете-институт Скопје









*Pleased to Meet You*
Резидент: Јоргос Маразиотис
Период: 21-31.10.2024

Истражувачка работа во МСУ-Скопје
25.10.2024: Уметнички разговор
Поддржано од Гете-институт и Европската Унија








**IV. VR Studio: Interactive**

„Направи свој бог“ е интерно создаден експеримент за виртуелна интерактивна изложба од уметникот и куратор Илија Прокопиев, 3-D дизајнерот Борко Хаџиевски, Андреј Буровски, интеракциска механика и е во соработка со Galactic Omnivore.
За да прочитате повеќе за изложбата, да ја истражите и искусите, кликнете на линкот подолу и преземете ја според даденото упатство.
PrivatePrint - VR Studio е колаборативна програма за курирање и дизајнирање виртуелни изложби. Програмата е започната по идеја на архитектот и 3Д-дизајнерот Борко Хаџиевски, еден од основачите на PrivatePrint Studio и наш долгогодишен соработник, кој го изработи виртуелниот модел на нашето студио.
VR Studio 2024: Interactive е кофинансирано од Министерството за култура на Северна Македонија.






**V. Презентации/настани/саеми**

Промоција на книгата *The Last Sector* од Хелена Тахир, PrivatePrint, 2024, во Притличје, Љубљана, Словенија, 13.06.2024
Промоција на книгата *Ministry for Nature* од Хајоне Серато и Џон Халс, PrivatePrint, 2024, на саемот за уметнички книги Miss Read Берлин, 12.10.2024

Саеми 2024:
Borderless - Art Book Days, Истанбул, Турција, 03-05.05.2024
Athens Art Book Fair, Атина, Грција, 04-06.10.2024
Miss Read - саем на уметнички книги Берлин, Германија, 11-13.10.2024
An Independent Book Fair, Тирана, Албанија, 28.11-01.12.2024
Blind Date Convention - саем за уметнички книги Љубљана, Словенија, 11.12.2024

**VI. Комуникација со нашата заедница и кампањи**

Активност и заедница на нашите најактивни социјални мрежи и блогот:

23 објави на Facebook \ 31 објави на Instagram

Вкупно следачи на крајот на 2024: 2258 на Facebook \ 1931 на Instagram

Вкупно нови заследувања во 2024: 32 на Facebook \ 268 на Instagram

**VII. Побитни објави во медиумите**




Прилог за PrivatePrint Studio во рамки на емисијата посветена на независната културна сцена на ТВ Такси 28, објавено на 13.01.2024

Селекција од други објави:
19.06.2024 \ Tiiiit! Inc. - објава за публикацијата „Години будни - 10 години Прво па женско“ и нејзината промоција, на која зборуваше Марија Христова, основачка на PrivatePrint Studio и уредничка на книгата >> LINK
30.06.2024 \ Умно.мк - објава наградата „Ладислав Баришиќ“ на АИКА Македонија, чиј добитник за 2024 година е Илија Прокопиев, основач на PrivatePrint Studio >> LINK
Ноември 2024 \ Големото стакло - The Closet од Жулиет Жак, текст во кој се осврнува на книгата на Јован Јосифовски, *I used to be a lovely boy but turned out queer*, PrivatePrint Studio, 2022.

## VIII. Заклучок

PrivatePrint Studio во 2024 година имаше успешна година од два аспекти. Добивме значаен грант во програмата Еразмус+ на ЕУ, бевме селектирани за поголем грант во програмата ЦЕРВ на ЕУ, каде што сме надворешни партнери и почнавме соработка со Гете-институт Скопје кој поддржа една резиденција на германски уметник. Од друга страна, развивме значајна меѓународна соработка преку работилницата „Издаваштвото како соработничка практика“ во Приштина и ја почнавме соработката со галеријата Шкуц од Љубљана за изложба во 2025 година.

Повторно бевме поддржани од Министерството за култура во реализација на проектот VR Studio 2024 и оваа година направивме нова надградба со експериментална изложба која има интерактивност за посетителите.

Во 2024 година воспоставивме три главни насоки во кои студиото ќе продолжи да се развива: кураторска практика, резиденции и едукативна програма. На основа на овие насоки, кон крајот на 2024 година ја почнавме комуникацијата за апликација на конкурсот на Креативна Европа во 2025 година за проект од меѓународна соработка за развој на резиденции на куратори и иновативен пристап кон кураторската практика.

Во 2025 година PrivatePrint, како поширок ентитет, слави 10 години постоење. Дел од студиските програми што се подготвуваат во 2024 година ќе бидат посветени и на тој јубилеј.

## ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ 2024 ГОДИНА

Главните активности на студиото во 2024 година беа поддржани од Prince Claus Fund for Culture and Development, Министерството за култура на РСМ, Гете институтот Скопје и ЕУ преку програмата Еразмус+.

| | | |
|---|---|---|
| **Приходи 2024 (ВКУПНО)** | **-** | **1.329.817,00** |
| Грант Network Partnership PrivatePrint | - | 214.725,00 |
| Грант VR Studio (МК) | - | 88.336,00 |
| Резиденција 2024 (Гете институт) | - | 91.500,00 |
| ARTechYOUTH (Еразмус+, ЕУ) | - | 910.867,00 |
| Приходи од донации | - | 24.389,00 |
| | | |
| **Расходи 2024 (ВКУПНО)** | **-** | **486.352,00** |
| **Network Partnership PrivatePrint** | | **214.725,00** |
| - Лектура | - | 27.633,00 |
| - Печатарски трошоци | - | 109.589,00 |
| - Административни трошоци | - | 31.150,00 |
| - Покривање трошоци направени во 2023 | - | 46.353,00 |
| **VR Studio 2024: Interactive** | | **88.336,00** |
| - Хонорари и даноци | - | 87.600,00 |
| - Промотивни трошоци | - | 736,00 |
| **Резиденција (Гете)** | | **91.500,00** |
| - Хонорари и даноци | - | 81.000,00 |
| - Материјални трошоци | - | 10.500,00 |
| **ARTechYOUTH 2024 (Еразмус+)** | | **85.044,00** |
| - Единици за подготвителна посета | - | 85.044,00 |
| **Други расходи** | | **6.747,00** |
| - Провизии студио | - | 4.994,00 |
| - Провизии ARTechYOUTH | - | 1.254,00 |
| - Сопствени трошоци Гете | - | 343,00 |
| - Промотивни трошоци ВР | - | 156,00 |
| | | |
| **Пренесени за 2025 година (ВКУПНО)** | **-** | **843.465,00** |
| - За грант ARTechYOUTH | - | 824.569,00 |
| - Друго | - | 18.896,00 |

Марија Христова, претседателка